**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Снежана Андреевска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**и Основен Кривичен суд Скопје**
**Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11**
**тел.02 2463 026**

**Образец бр.29**

**И.бр.190/20**

Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител НЛБ Банка АД Скопје од Скопје со ЕМБС 4664531, ЕДБ 4030993191133 и седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1, засновано на извршната исправа Нотарски акт - Договор за рачен невладетелски залог врз подвижен предмет од прв ред ОДУ бр. 49/16 од 19.2.2016 г. на Нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, против должникот-заложен должник Акционерско друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија од Гевгелија со ЕМБС 6505066, ЕДБ 4080009504921 и седиште на ул. Маршал Тито бр.7/14 ГТЦ Гевгелија, за спроведување на извршување, на ден 10.06.2021 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на следниот подвижен предмет:
Патничко моторно возило марка AUDI, тип/модел Q7 3.0 TDI TIPTRONIC, со рег.ознаки SK-2701-AK и сообраќајна дозвола број MK1294164, металик сива боја, број на шасија на возилото WAUZZZ4MXGD004636, сила на мотор 200 kw, зафатнина на моторот 2957 cm3, година на производство 2015, со почетна вредност од 29.000,00 ЕВРА, во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, намалена по предлог на доверителот, а која вредност претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: залог во корист на заложниот доверител.

Продажбата ќе се одржи на ден 30.06.2021 година во 10:00 часот во просториите на Извршител Снежана Андреевска на адреса бул.К.Ј.Питу бр.28/5-11, Скопје.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија.

Учесниците на продажбата се должни да уплатат 1/10 од почетната цена на име гаранција, на трансакциска сметка со број 210065586400209 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје на име на Извршител Снежана Андреевска.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај доверителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Снежана Андреевска

Република Македонија · Извршител Снежана Андреевска · Скопје

Д.-на: доверител
должник

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.